# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ„ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“-КРИВА ПАЛАНКА ЗА ПЕРИОД 2020-2022 година



**Август,2022 год.**



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

| И З В Е Ш Т А Ј ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| **УЧИЛИШТЕ** | ООУ„Јоаким Крчовски“-Крива Паланка |
| **Адреса** | Ул. ,, Свети Јоаким Осоговски“ бр.139 Крива Паланка |
| **Контакт податоци (тел., факс, е-маил)** | Тел/факс (031) 375-132 e-mail :oujoakimkrcovski @yahoo.com; |
| **Број на ученици во училиште** | Во училиштето настава посетуваат 825 ученици |
| **Број на подрачни училишта** | 8 и тоа: с.Дурачка Река, с.Узем, с.Жидилово, с.Огут, с.Нерав, с.Луке, с.Подржиkoњ и с.Дубровница |
| **Период на самоевалуација** | 2020-2022година |
| **УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР** | |
| **Име и презиме** | Дане Петровски |
| **Потпис** | |
| **Одобрено од УО** | Одржан состанок на ден 28.9. 2022 год. Записник со дел.бр. 02-399/3 од 28.9.2022 год. |
| **Име и презиме** | Марија Смиљков |
| **Потпис** | |



ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

**РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Според член 129, став 2, од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 5 август 2019), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Јоаким Крчовски“ од Крива Паланка, за периодот од 2020 година до 2022 год, изврши Самоевалуација на работата во училиштето. За секое подрачје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе електронска анонимна анкета со учениците, наставниците и родителите.

Анкетирани беа 99 ученици, 103 родители и 88 наставници. Одговорните на подрачјата и нивните членови направија увид во целокупната документација која е именувана како извор на информации. Направени се интервјуа со директорот, стручната служба и други инволвирани субјекти од значење во процесот на Самоевалуација.

Комисијата во состав од пет члена, тројца наставници, еден стручен соработник и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а одржување на јаките, издвојувајќи ги предложените слаби и јаки страни, односно ги предлага приоритетите наведени подолу во текстот. Според целосно извршената Самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

## 1. ПОДРАЧЈЕ БР.1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Јаки страни**

- ✓ Наставниците работат според наставни планови и програми во согласност со наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми од МОН и БРО по предмети, подрачја и активности;
- ✓ Сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план, Годишно планирање за дополнителна, додатна и воннаставна настава во печатена форма;
- ✓ Редовно водење педагошка евиденција и документација;
- ✓ За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава
- ✓ За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби;
- ✓ Изборот на изборни наставни предмети се реализира според наставниот план и програма;
- ✓ Секој ученик има можност да одбере воннаставна активност според потребите, желбата и интересот;
- ✓ Редовно се одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во дневник на паралелка и во училишните извештаи. Придобивки од воннаставни активности се освоени награди, пофалници, дипломи и афирмација на училиштето ;
- ✓ Подготовка на учениците за општински, државни и меѓународни натпревари;
- ✓ Постигање солидни резултати преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво;
- ✓ Училиштето носи титула на е-твининг училиште и имаме и е-твининг амбасадор-наставник во училиштето;
- ✓ Информирање на родителите е преку блогот на училиштето и огласна табла.

**Слаби страни**

- ✓ Наставниците, учениците и Советот на родители не испраќаат забелешки, предлози за изменување и дополнување на наставните програми;
- ✓ Намалена соработка меѓу Стручните активи;
- ✓ Недоволен број на обуки за наставниците и стручните соработници;
- ✓ Недоволна соработка со специјалниот едукатор и рехабилитатор, која е неопходна за успешно спроведување на наставата од страна на наставниците кои работат со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето и се дел од редовната настава, како и за изработка на ИОП;
- ✓ Немање доволно услови за кабинетска настава;
- ✓ Потребно е обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите



*ООУ „Јоаким Крчовски"-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

во подрачните училишта;
- ✓ Нема постојана интернет конекција во подрачните училишта;
- ✓ Обнова на учебниците по стара програма;
- ✓ Недостиг од учебници, посебно за наставниците кои работат според новата концепција;
- ✓ Училишната библиотека не располага доволно со стручна литература, која би им служела на стручните соработници за поквалитетна, и поиновативна работа;
- ✓ Дотраени музички инструменти;
- ✓ Осипување на учениците;
- ✓ Недоволно учество на учениците во вонннаставните активности.

**Приоритети**
- ✓ Да се подобри квалитетот и мотивацијата за вклучување во воннаставните активности преку зголемување на бројот на ученици;
- ✓ Да се зголеми соработката помеѓу активите, особено околу меѓупредметните заеднички цели на образованието;
- ✓ Наставниците, учениците и Советот на родители да испраќаат предлози и забелешки за измени и дополнувања на наставните програми;
- ✓ Зголемување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали по сите предмети;
- ✓ Обезбедување на обуки за наставнот кадар и стручните соработници за професионално усовршување;
- ✓ Збогатување и обновување на книжниот фонд во училишната библиотека (стручна литература и лектирни изданија);
- ✓ Оспособување на повеќе училници за изведување на кабинетска настава и обезбедување на истите со потребениот дидактички материјал;
- ✓ Реконструкција на сите спортските терени во подрачните училишта.

## ПОДРАЧЈЕ БР. 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Јаки страни**

- ✓ Оценувањето на постигањата на учениците е засновано на Стандардите и критериумите за оценувањето дадени од БРО, Закон за основно образование и Наставните планови и програми;
- ✓ Воведена Нова концепција на Наставни програми во 1 и 4 одделение;


*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

- ✓ По новата концепција обезбеден е кабинет по природни науки, нагледни средства по Биологија, Хемија и Физика за подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците кои преку експериментите кои ги надгледуваат можат да го осетат ефектот на наставната програма;
- ✓ Учениците се интензивно вклучени во воннаставните активности;
- ✓ Училиштето има свои Критериуми за оценување на учениците;
- ✓ Се оценуваат стекнатите знаења, вештини и способности;
- ✓ Организирано, постојано следење на постигањата на учениците и соодветно реагирање на промените на истите;
- ✓ Изработени соодветни инструменти за следење на постигањата на учениците;
- ✓ Високообразуван, стручен кадар, со добра мотивација за работа и подготвеност за промени;
- ✓ Донесен е Правилник ( Кодекс за однесување ) за учениците, наставниците и родителите;
- ✓ Постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација;
- ✓ Учество на учениците во работилници за едукација од разни области организирани на ниво на државата;
- ✓ Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки);
- ✓ Јасна визија за идните правци на развој во училиштето;
- ✓ Уредна документација за показателите на постигањата на учениците, нивна анализа и споредбени резултати за успехот на крајот на секоја учебна година;
- ✓ Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;
- ✓ Училиштето има свој блог на кој се промовираат постигањата и активностите во училиштето;
- ✓ Постигнуваме одлични резултати на натпреварите и конкурсите на кои учествуваме на општинско, државно и меѓународно ниво
- ✓ Учениците учествуваат и на многу литературни конкурси, и читања со свои лични творби и имаме соработка со писателите од РС Македонија;
- ✓ Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците
- ✓ Сите ученици завршуваат основно образование и се запишуваат во средно училиште;
- ✓ Соработка има и со стручната служба, подготовка, изработка и увид во индивидуалните образовни програми, изготвување на ИОП за учениците со посебни потреби од страна на наставниците;
- ✓ Функционирање на училишниот инклузивен тим во рамките на нашето училиште;
- ✓ Зголемен број на образовни асистенти;
- ✓ Постојана опсервација на часови (инструмент за опсервација, за тоа како се распределени активностите, дали се планира за секој ученик, дневни цели и активности, како и времето кое е соодветно планирано за активностите);
- ✓ Водење евиденција, следење и анализа на напредокот на учениците со посебни потреби, од страна на наставниците, стручните соработници и инклузивниот тим;
- ✓ Изработка на стратегии и консултации со стручниот и инклузивен тим за успешно спроведување и подобрување на процесот на инклузија кај учениците со посебни потреби, во нашето училиште;
- ✓ Подобрена функција на училишниот инклузивен тим, кој систематски работи на прашања, поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на истите;
- ✓ Подобра работна клима и соработка помеѓу учениците и учениците со посебни потреби;



ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://oou joakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

- ✓ Целосна ангажираност и вклученост на учениците со посебни потреби во наставата, во воннаставните и слободните ученички активности, во соработка со стручната служба, училиштниот инклузивен тим и наставниците;
- ✓ Хуманитарни организации, донации и акции, во соработка со наставниците, учениците и родителите за социјално загрозени семејства, семејства загрозени од Ковид пандемијата, ученици на кои им е починат родител/старател, како и за потребите на училиштето (реконструкција, реновирање, снабдување со потребни материјали и средства);
- ✓ Максимална ангажираност и поддршка од страна на наставниците за реализација на наставата од далечина, преку користење сопствени ресурси, средства и интернет;
- ✓ Реновирање на централното училиште ( фасада и дел од ентериерот);
- ✓ Зголемен библиотекарен фонд ( дополнителни лектирни изданија, нагледни средства, глобуси, географски карти, итн);
- ✓ Детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);
- ✓ Континуирано следење на постигнување на ученици од различна полова, етничка припадност според наставни предмети подобрувања на постигнувања на ученици преку редовна , дополнителна и додатна настава;
- ✓ Обучен наставен кадар за применување на критериумите и стандардите во оценувањето;
- ✓ Опфатеност на ученците со воннаставните активности организирани во секции и групи;
- ✓ Целосен опфат на учениците според пропишаната реонизација;
- ✓ Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;
- ✓ Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик;
- ✓ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците;
- ✓ Наставниците и стручните соработници преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
- ✓ За постигање на учениците, родителите се редовно известени преку родителските средби;
- ✓ Меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор;
- ✓ Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста;
- ✓ Успешна инклузија на ученици со посебни образовни потреби,
- ✓ Ефективна работа на стручната служба во училиштето.

**Слаби страни**

- ✓ Наставниците и стручните соработници не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;
- ✓ Недоволна обученост на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Училиштето нема стратегија за задржување на учениците кои што се осипуваат;
- ✓ Немање обуки за наставиот кадар за користење на смарт таблите.



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

**Приоритети**

- ✓ Поголема едукација на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми);
- ✓ Поголема едукација на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Сметаме дека е потребно поголемо следење и откривање на постигнатите цели кај учениците. Да се понудат повеќе активности каде што ќе се остварува поголема соработка помеѓу учениците,наставниците и родителите.

## ПОДРАЧЈЕ БР. 3 УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Јаки страни**

- ✓ Наставниците навремено изготвуваат годишни, месечни и дневни планирања кои во себе ги содржат сите неопходни елементи за организација и реализација на часот;
- ✓ Навремено и транспарентно се изготвува распоред за задолжителни и изборни предмети, како и за додатна и дополнителна настава;
- ✓ Изборните  предмети, се избираат навремено согласно постапките, предвидени, со  Законот за основно образование, како и избор на втор странски јазик;
- ✓ Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба;
- ✓ Училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите;
- ✓ Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците;
- ✓ Наставниците редовно и навремено  во текот на целата учебна година ги информираат родителите  за постигањата на учениците.

**Слаби страни**

- ✓ Недоволната примена на ИКТ во наставата кај пооделни наставници, незаинтересираноста кај поедини ученици и родители за реализација на наставниот процес;
- ✓ Недоволна обученост на наставниот кадар за користење на информатичка техлогија (работа со смарт таблите);
- ✓ Проблеми при ажурирање на податоци во Е-дневникот.



*ООУ „Јоаким Крчовски"-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

**Приоритети**

- ✓ Обезбедување на нови техники и методи за продлабочување на знаењата;
- ✓ Обезбедување на соодветни поттикнувачки инструменти кои ќе го зголемат и поттикнат интересот за учење кај учениците;
- ✓ Поголема соработка и комуникација помеѓу наставник – родител и наставник – ученик, како и родител – ученик.

## ПОДРАЧЈЕ БР.4 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Јаки страни**

- ✓ Изнаоѓање разни начини за справување со насилното однесување;
- ✓ Водење грижа за понатамошното професионално информирање и ориентирање на учениците;
- ✓ Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба;
- ✓ Соработка на релација наставник – ученик – родител;
- ✓ Систематска евиденција за напредокот на учениците;
- ✓ Училиштето води грижа за емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците преку разни облици на поддршка на истите;
- ✓ Постои позитивна комуникација и задоволителна соработка помеѓу стручната служба, родители, наставници и ученици;
- ✓ Соработка со родителите и организирање на советување со родители;
- ✓ Училиштето соработува со образовен медијатор, одговорен за нашето училите;
- ✓ Се води редовна грижа за здравјето на учениците со организирање на разни предавања, систематски прегледи, соработка со стоматолошки ординации и изработка на проекти за здрава храна со помош на учениците;
- ✓ За децата со ПОП се изработуваат ИОП. Се работи индивидуално;
- ✓ Во училиштето е организиран инклузивен тим кој споделува искуства од работата со децата со ПОП и изнаоѓа предлог-решенија, сугестии за помош на наставниците кои работат со децата со ПОП;
- ✓ Се организираат бројни хепенинзи, работилници во кои се вклучени родителите и децата;
- ✓ Безбедноста во училиштето со изработка на проекти, пробни евакуации (Подготвеност на училиштето , вработените и учениците за навремено реагирање при случај на пожар);
- ✓ Достапна евиденција за неоправданото и оправданото отсуство од настава за секој класификационен период;
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување во училиштето преку редовни родителски средби и приемни денови;
- ✓ При оценувањето наставниците користат различни форми, методи и техники со цел да го следат напредокот на учениците;
- ✓ Изработен План за евакуација;



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

- ✓ Грижа за здравјето на учениците е на високо ниво, особено во услови на пандемија;
- ✓ Два пати во текот на учебната година, а по потреба и повеќе, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории;
- ✓ Психолозите имаат изготвно План за професионална ориентација кој се спроведува согласно планираното;
- ✓ Одлична соработка со средното општинско училиште во градот.

**Слаби страни**

- ✓ Стручната служба поточно психолозите немаат никакви психолошки тестови за работа со ученици , како и за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- ✓ Мал број на реализирани активности на Ученички парламент;
- ✓ Училиштето не располага со тестови за утврдување и откривање на различни способности и вредности  кај учениците;
- ✓ Да се подобрат условите за безбедно движење во централното училиште за децата со ПОП (повеќе пристапни рампи, стази за количка кои ќе овозможат слободно движење на вториот спрат на учениците);
- ✓ Осипување на учениците;
- ✓ Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства да се обезбеди бесплатно одење на екскурзии и други посети планирани во годишната програма.

**Приоритети**

- ✓ Набавка на психолошки тестови и тестови за утврдување на разни способности кај учениците;
- ✓ Обезбедување на  условите за безбедно движење на децата со ПОП;
- ✓ Изготвување на начин за бесплатно одење на екскурзии и други посети на ученици кои се социјално загрозени;
- ✓ Поголема активности на ученичкиот парламент.

## ПОДРАЧЈЕ БР.5 УЧИЛИШНА КЛИМА

**Јаки страни**

- ✓ Вработените и учениците се горди што се дел од училиштето;
- ✓ Постојат кодекси на однесување на сите структури во училиштето кои се применуваат подеднакво за сите;
- ✓ Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето и прифатено од возрасните и другите ученици;
- ✓ Односот помеѓу учениците и наставниците е заснован на меѓусебно почитување и соработка;
- ✓ Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности;
- ✓ Училиштето има демократски избрана училишна заедница;
- ✓ Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата;
- ✓ Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот;



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

- ✓ Има изработено критериуми за награда и пофалби на учениците и критериуми за избор на првенец на генерација и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците;
- ✓ Училиштето и училишниот двор се безбедни за изведување на наставниот процес;
- ✓ Во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај;
- ✓ Во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции;
- ✓ Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство;
- ✓ Хигиената во училиштето е на високо ниво и училиштето има развиен систем за заштита од болести;
- ✓ Училиштето има разработен систем за работа со ученици кај кои се идентификувани пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални тешкотии;
- ✓ Училиштето успешно им помага на учениците во изборот во нивното натамошно образование;
- ✓ Едукативни работилници за штетното влијание на пороците: дрога, алкохол и пушење;
- ✓ Голема соработка со Општина и Локална самоуправа;
- ✓ Голема соработка со родители преку Совет на родители;
- ✓ Редовно спроведување на МИО и МИМО активности како самостојни активности, така и заеднички активности со партнер училиштето „Јероним Де Рада“ од с. Черкези, Куманово;
- ✓ Реализирање на еколошки активности согласно еко стандардите планирани во Годишната програма.

**Слаби страни**

- ✓ Во нашето училиште, училишната клима е на високо ниво, со можности за подобрување и тоа:
- ✓ Во системот на наградување на учениците и наставниците за постигнатиот успех на разни конкурси, натпревари, учество во проекти и др;
- ✓ Мала запоставеност на воспитната компонента на учениците во однос на однесувањето на учениците, почитувањето на вработените во училиштето и грижа за училишниот инвентар;
- ✓ Повеќе грижа за училишниот простор од страна на сите учесници во образовниот процес;
- ✓ Повеќе вклучување на учениците во активностите кој не се поврзани со образовниот процес;
- ✓ Недоволна вклученост на ученичката заедница, преку која учениците директно би се вклучиле во решавањето проблеми и донесувањето одлуки;
- ✓ Добра соработка со можност за нејзино зајакнување со локалната и деловната заедница;
- ✓ Повеќе активности за посета на други институции и организации.

**Приоритети**

- ✓ Поголема мотивација преку системот на наградување на учениците и наставниците за постигнатиот успех на разни конкурси, натпревари, учество во проекти и др;



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

- ✓ Изготвување акциски план за унапредување на воспитната компонента на учениците во однос на изразување на меѓусебна почит, почит кон вработените во училиштето, грижа за училишниот инвентар, како и кодекс на облекување;
- ✓ Давање на поголема одговорност на учениците и нивно поголемо мотивирање;
- ✓ Зајакнување на соработката и тимската работа меѓу наставниците со цел создавање на позитивна клима за работа и добри меѓучовечки односи;
- ✓ Уште поголема и поинтензивна соработка со локалната и деловната заедница;
- ✓ Реализација на повеќе активности за посета на други институции и организации.

## ПОДРАЧЈЕ БР.6 РЕСУРСИ

### Јаки страни

- ✓ Квалифициран, оспособен наставен кадар - Сите наставници се со соодветно стручно образование и се оспособени за стручно водење на воспитно- образовната дејност во училиштето;
- ✓ Соработка со локалната самоуправа - За секоја манифестација на ниво на нашата општина,ние сме поканети и спремни да дадеме се од себе за достојно да го претставиме нашето училиште;
- ✓ Учество на разни проекти: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Меѓуетничката интеграција во образованието, Заедно за училишта без насилство, ИКТ во наставата, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, Критичко размислување и решавање на проблеми во наставата, Редовно на часови, Антикорупциска едукација на учениците, Еразмус+ проекти;
- ✓ Училиштето има доволно образовни асистенти за децата со посебни потреби;
- ✓ Стручната служба во училиштето секогаш  дава помош и подршка за проблемите со кои се соочуваат учениците;
- ✓ Училиштето носи титула на е-твининг училиште и имаме и е-твининг амбасадор-наставник  во училиштето;
- ✓ За финансиското работење на училиштето, директорот редовно ги информира наставниците и стручните соработници  на состаноците  на Наставничките совети.

### Слаби страни

- ✓ Отворени часови на стручните активи;
- ✓ Училиштето располага со стари учебници кои треба да се заменат со нови;
- ✓ Дотраен училишен инвентар;
- ✓ Наставниот кадар секогаш има потреба од нови обуки и семинари за да можат професионално да напредуваат;
- ✓ Стручната служба има многу мал дел на обуки и семинари;
- ✓ Соработка со невладини организации;



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

- ✓ Од воочените анализи детектирани се слабости во областа на донирањето на средства од страна на деловната заедница и невладиниот сектор;
- ✓ Недоволни финасиски средства.

**Приоритети**

- ✓ Замена на дотраениот училишен инвентар;
- ✓ Набавка на нови учебници за учениците;
- ✓ Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците, обновување на нагледните средства, обновување на библиотечниот фонд , набавка на стручни помагала и литература;
- ✓ Организирање на обуки и семинари за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници;
  Изнаоѓање начини за зголемуање на финансиските средства во училиштето (преку донации, блок дотации, спонзори, проекти и друго).

## ПОДРАЧЈЕ БР.7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**Јаки страни**

- ✓ Добра соработка помеѓу директорот на училиштето, претседателот  и членовите на Училишниот одбор;
- ✓ Навремено се изработуваат правилници, процедури и други интерни акти со кои се почитуваат законските норми и правила;

- ✓ Континуирана соработка со локалната самоуправа на Општина Крива Паланка, Биро за развој на образованието, МОН, Ресурсен центар “Иднина”, Скопје и други институции;
- ✓ Постои соработка помеѓу : педагошко-психолошката служба и Наставничкиот совет, стручните активи и другите вработени;
- ✓ Континуирана соработка со родителите (Совет на родители);
- ✓ Вклученост на училиштето во многубројни проекти од различни области;
- ✓ Продлабочување на годишните програми на наставниците во согласност со потребите на учениците;

**Слаби страни**

- ✓ Недоволна вклученост на родителите во училишните политики;
- ✓ Слаба соработка со Комисија при МКФ  и Завод за ментално здравје;
- ✓ Слаба соработка со ЈУ  Меѓуопштински центар за социјални работи, Крива Паланка.



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*

**Приоритети**

- Зголемена соработка со Комисија при МКФ и Завод за ментално здравје;
- Поголема соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Крива Паланка;

## ПРИОРИТЕТИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

- Да се подобри квалитетот и мотивацијата за вклучување во вонnаставните активности преку зголемување на бројот на ученици;
- Да се зголеми соработката помеѓу активите, особено околу меѓупредметните заеднички цели на образованието;
- Наставниците, учениците и Советот на родители да испраќаат предлози и забелешки за измени и дополнувања на наставните програми;
- Зголемување на фондот на нагледни средства и дидактички материјали по сите предмети;
- Обезбедување на обуки за наставнот кадар и стручните соработници за професионално усовршување;
- Збогатување и обновување на книжниот фонд во училишната библиотека (стручна литература и лектирни изданија);
- Оспособување на повеќе училници за изведување на кабинетска настава и обезбедување на истите со потребениот дидактички материјал;
- Реконструкција на сите спортските терени во подрачните училишта.
- Поголема едукација на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми);
- Поголема едукација на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- Сметаме дека е потребно поголемо следење и откривање на постигнатите цели кај учениците. Да се понудат повеќе активности каде што ќе се остварува поголема соработка помеѓу учениците,наставниците и родителите.
- Обезбедување на нови техники и методи за продлабочување на знаењата;
- Обезбедување на соодветни поттикнувачки инструменти кои ќе го зголемат и поттикнат интересот за учење кај учениците;
- Поголема соработка и комуникација помеѓу наставник – родител и наставник – ученик, како и родител – ученик.
- Набавка на психолошки тестови и тестови за утврдување на разни способности кај учениците;
- Обезбедување на условите за безбедно движење на децата со ПОП;
- Изготвување на начин за бесплатно одење на екскурзии и други посети на ученици кои се социјално загрозени;
- Поголема активности на ученичкиот парламент.
- Поголема мотивација преку системот на наградување на учениците и наставниците за постигнатиот успех на разни конкурси, натпревари, учество во проекти и др;



ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка
e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com
web: https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Телефон/Факс: 031/ 371 132

- ✓ Изготвување акциски план за унапредување на воспитната компонента на учениците во однос на изразување на меѓусебна почит, почит кон вработените во училиштето, грижа за училишниот инвентар, како и кодекс на облекување;
- ✓ Давање на поголема одговорност на учениците и нивно поголемо мотивирање;
- ✓ Зајакнување на соработката и тимската работа меѓу наставниците со цел создавање на позитивна клима за работа и добри меѓучовечки односи;
- ✓ Уште поголема и поинтензивна соработка со локалната и деловната заедница;
- ✓ Реализација на повеќе активности за посета на други институции и организации.
- ✓ Замена на дотраениот училишен инвентар;
- ✓ Набавка на нови учебници за учениците;
- ✓ Унапредување на просторните услови кон потребите на учениците, обновување на нагледните средства, обновување на библиотечниот фонд , набавка на стручни помагала и литература;
- ✓ Организирање на обуки и семинари за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници;

  Изнаоѓање начини за зголемуање на финансиските средства во училиштето (преку донации, блок дотации, спонзори, проекти и друго).
- ✓ Зголемена соработка со Комисија при МКФ и Завод за ментално здравје;
- ✓ Поголема соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Крива Паланка.

***Училишна комисија за изработка на Самоеваулација:***

1. Биљана Пешовска – одд.наставник (пом. директор)
2. Христина Илиевска - предметен наставник
3. Лариса Жулина Митовски - наставник ментор
4. Марина Јакимовска Митовска - психолог
5. Наташа Милчевска – родител



*ООУ „Јоаким Крчовски“-Крива Паланка*
*адреса: ул.Св.Јоаким Осоговски бр.139, 1330 Крива Паланка*
*e-mail: oujoakimkrcovski@yahoo.com*
*web: https://oojoakimkrchovski.home.blog/*
*Телефон/Факс: 031/ 371 132*